Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 17.11.2020

На 16.11.2020 во 12,45 часот на бул.„Туристичка" во Охрид се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „форд" со охридски регистарски ознаки, управувано од Т.Б.(53) од с.Пештани, и велосипедист Д.Д.(46) од Охрид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.Д. кој бил пренесен во болницата „Св.Еразмо-Охрид" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид.

На 16.11.2020 околу 16,00 часот ул. „Поп Аврамија" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „нисан примера" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.С.(41) од Прилеп, и моторцикл „томос" без регистарски ознаки, управуван од П.Ш.(62) од Прилеп. П.Ш. бил пренесен во Градската болница Прилеп каде му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 16.11.2020 во 22.30 часот на крстосница од булевар "Партизански одреди" и булевар "8-ми Септември" во Скопје, се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило "пежо боксер" (санитетско) со скопски регистарски ознаки управувано од Т.Б.(57) од Скопје, патничко моторно возило "мерцедес" со охридски регистарски ознаки, управувано од К.Ѓ.(25) од Ресен, и пешак Н.В.(25) од Скопје. Во незгодата со повреди се задобиле Т.Б. и три лица сопатници во возилото Д.Б.(28) од Битола, В.Г.(23) од Гостивар и В.А.(55) од Струмица. Со повреди се здобиле и К.Ѓ. и Н.В. На повредените им е укажана лекарска помош. Извршен е увид на местото на настанот од екипа од СВР Скопје.

На 16.11.2020 околу 08.45 часот во СВР Велес, М.Ј.Ј.(44) од Велес пријавила дека на ул.„Андон Шурков" била касната од куче скитник.

На 16.11.2020 во 10.30 часот во Гостивар, полициски службеници на Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода А.М.(31) од с.Долна Бањица, гостиварско бидејќи претходно извршил кражба во Центарот за трансфузиологија во Гостивар.Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар, а украдените предмети му биле вратени на пријавителот на кражбата.

На 16.11.2020 во времето од 13,00 до 16,00 часот од полициски службеници на околу 1000 метри од брегот на Охридското езеро, спроти авто камп биле пронајдени рибарски мрежи со улов од риба белвица. Риболовниот алат бил подигнат и предаден во Полициска станица за граничен надзор „Охридско езеро" за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2020 во 08,25 часот, во Полициска станица Драчево, било пријавено дека во с.Малчиште настанал пожар во викенд куќа сопственост на О.Ј.(57) од с.Батинци,скопско. Пожарот бил локализиран од противпожарната екипа од Скопје.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Н.Б.(36) поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 18.10.2010 во 23,00 часот во угостителски објект на Велешко езеро при меѓусебна расправија помеѓу оштетениот Х.Л. од.с.Кочилари,велешко и Н.Б., истиот во раката држел пиштол.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.М.(40) од Тетово поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги".На 29.01.2020 околу 22.50 часот во Тетово на ул. "Борис Кидрич" од полициски службеници биле забележани Д.М. и Н.Н.(20) од с.Рогле,тетовско и при извршен преглед кај Д.М. било пронајдена и одземена марихуана.
На 16.11.2020 во 12,10 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во колонијал на подрачје на Аеродром, едно лице со закана од вработената одзел 2000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделение за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.С.(30) од с.Ропотово, – Општина Долнени поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 06.05.2020 од полициски службеници при претрес во домот на пријавениот во с.Ропотово пријавениот на полициските службеници им предал ловен карабин кал.8x57 JS мм, сигнален пиштол „екол сава ", седум парчиња муниција за ловен карабин и три парчиња муниција за сигнален пиштол, за кои не поседувал документи.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.З.(65) од Куманово поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 07.06.2020 во 12,55 часот на ул.Народна Револуција во Куманово од полициски службеници при СВР Куманово, Ј.З. бил затекнат како се движи пеш, при што истиот не ја почитувал мерката на Влада на Република Северна Македонија за забрана на движење на населението.

На 16.11.2020 во 16,10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во бутик на подрачје на Карпош, едно лице со закана од вработената одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет